**ИНФОРМАТИКА**

(26-29.05.2020)

Домашните задачи од минатата недела не се прегледани, ви се извинувам поради тоа. Во текот на оваа недела ќе ги прегледам и ќе ви пратам повратна информација.

Поголемиот дел од учениците редовно ги решавате вашите задолженија. Оние ученици кои сеуште не креирале своја електронска адреса или не ги пратиле домашните задачи од претходните часови, навратете се на упатствата од минатите недели и завршете ги вашите задачи. Сите заедно продолжуваме понатаму.

**Мултимедијални презентации**

Научивме да креираме едноставни презентации. Сега да видиме како можеме да ги украсиме. Денес ќе ги разгледаме поимите **транзиција на слајдови** и **анимација на објекти на еден слајд**.

**Транзиција** претставува начин на кој ќе се појави слајдот во презентацијата, односно преминот од еден слајд во друг.

**Анимација** претставува како да се движат објектите во склоп на еден слајд, односно како да се појавуваат текстот, или сликите, или нацртаните форми на слајдот.

Постапките за поставување на транзиција и анимација проследете ги преку видеото:

https://www.youtube.com/watch?v=KS64Y0DqcM0&feature=youtu.be

**За домашна работа**: Во презентацијата за миленичињата (од минатиот час) поставете различна транзиција на секој слајд. Во

истата презентација, на секој слајд, поставете анимација по ваш избор на сите слики од миленичињата.

Снимената презентација ја очекувам најкасно до 30.05.2020 година на адресата ***milkomh@gmail.com.*** Упатство за праќање на документ во порака можете да најдете во документот за креирање на електронска адреса, последните неколку упатства.

ВИ ПОСАКУВАМ УСПЕШНА РАБОТА!!!